20161223153

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

☐

☐Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со членот 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016 и 37/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 25 април 2016 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСЛУГИ ВО ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на плаќањето на здравствените услуги во примарна здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2012, 176/2013 и 47/2014), во членот 8 ставот 5 се менува и гласи:

„По исклучок од ставот 4 на овој член, како рурални подрачја односно места, може да се утврдат:

- населените места во кои се наоѓа здравствена установа изградена согласно Одлуката на Владата на Република Македонија за изградба на амбуланти во рурални подрачја, доколку исполнуваат еден од условите предвидени во став 4 на овој член;

- населените места определени со одлука на Министерството за здравство, во кои се наоѓа приватна здравствена установа од примарна здравствена заштита, која користи простории на јавна здравствена установа под закуп и во која согласно член 60 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16) ќе се укажува здравствена заштита без учество на медицинска сестра во тимот.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-9271/1
20 јуни 2016
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Ангел Митевски, с.р.